Врз основа на член 51 од Законот за супервизија на осигурување, а во врска со Спогодбата за присоединување на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп (ОДУ број 187/23 од 20.12.2023 година), се објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Се известуваат сите осигуреници** на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје, со седиште на ул. Железничка број 41, Скопје, ембс 5702470 и едб 4030002461200, дека како резултат на статусни промени на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје, **се присоединува** кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп, па поради наведеното Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп престанува да постои без ликвидација на ден 27.06.2024 година кога истото се брише од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Како последица на присоединувањето сите права и обврски настанати од договорите склучени од страна на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје со трети лица до денот на присоединувањето ќе се сметаат за права и обврски на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп, додека сите права и обврски од тие договори по датумот на присоедување ќе се сметаат како права и обврски на Друштвото што презема.

За периодот на важноста на договорите за осигурување, осигурениците на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје своите права, обврски и одговорности кои произлегуваат од истите, ќе продолжат непречено да ги остваруваат преку Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп, со седиште на ул.11 Октомври бр.25 Скопје.

**Акционерското друштво за осигурување и реосигурување**

**МКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп**

**Акционерско друштво за осигурување**

**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**